Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**

СЕКТОР ЗА УСЛУГИ ТУРИЗАМ ВОЗЕН ПАРК
ОДРЖУВАЊЕ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТОТ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ „ИЛИНДЕН“ – СКОПЈЕ

Акт бр. 25-737/1
14.02.2023 година

Скопје, 2023 година

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), министерката за одбрана донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТОТ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ „ИЛИНДЕН“ – СКОПЈЕ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдува организацијата и начинот на користење на објектот за времено сместување „Илинден“ – Скопје, (во натамошниот текст: објектот) – стекнување и престанок на правото на времено сместување, куќниот ред, чување на инвентарот и исплата на закупнината за користење.

Член 2

Седиштето на објектот е во Скопје.

Член 3

Објектот е дел од организационата структура на Министерството за одбрана - Сектор за услуги, туризам, возен парк, одржување и обезбедување.

Делокругот на работа на објектот е утврден во Правилникот за организиција и работа на Министерството за одбрана. Работите и задачите во објектот ги вршат вработени во Министерството за одбрана со работни места утврдени во Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за одбрана.

Со објектот раководи одговорен работник.

Член 4

Објектот има рецепција и 87 (осумдесет и седум) соби од кои: 3 (три) апартмани, 23 (дваесет и три) двокреветни соби и 61 ( шеесет и една) еднокреветна соба, со вкупно 116 (сто и шеснаесет) лежаи.

## II. НАМЕНА НА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТОТ

Член 5

Објектот е наменет за времено сместување на лица вработени во Министерството, воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Северна Македонија кои

поради потреба на службата престојуваат во Скопје - се до завршување на укажаната потреба, како и лица кои поради потреби на службата живеат одвоено од потесното семејство (брачен другар , деца), а не примаат надоместок на трошоци за станбено обезбедување, согласно со Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, како и вработени во Министерството на кои им следува надоместок на трошоци за одвоен живот од семејството, а не поседуваат стан во Скопје, согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија

Лицата од став 1 на овој член, може да бидат времено сместени во објектот, само врз основа на претходно приложено решение, со кои се потврдува извршување на работи и задачи, заради кои е потребно времено сместување.

По исклучок од ставот 1 на овој член, услуги за времено сместување во објектот, можат да користат и други лица што ќе ги определи министерот за одбрана.

Член 6

Објектот не е наменет и за сместување на семејства на лицата од членот 5 став 1 на овој правилник.

Член 7

Предност за стекнување на право на времено сместување во објектот, имаат:

- избрани и именувани функционери во Министерството на кои им следува надоместок на трошоци за одвоен живот од семејството, согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија и
- лица вработени во Министерството, воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Северна Македонија кои поради потреба на службата престојуваат во Скопје - се до завршување на укажаната потреба

## III. СТЕКНУВАЊЕ НА ПРАВО НА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ

Член 8

За стекнување на право на времено сместување во објектот, лицата од членот 5 став 1 на овој правилник, поднесуваат барање до Министерството.

Барањата од став 1 на овој член се поднесуваат до Комисијата за изработка на ранг листа за лицата кои доставиле барање за времено сместување во објектот за времено сместување „Илинден“ – Скопје. Барањето се поднесува преку Секторот за услуги, туризам, возен парк, одржување и обезбедување, а кон барањето се приложуваат и следните документи: решение за распоредување односно наредба за поставување на должност или наредба за упатување на работа; потврда дека лицето нема стан во лична сопственост во Скопје, како и потврда дека не прима надоместок на трошоци за

станбено обезбедување согласно со Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија.
Комисијата од став 2 на овој член ја формира со решение министерот за одбрана или од него овластено лице.
Изготвената ранг листа се доставува до министерот за одбрана или од него овластено лице.
Министерот за одбрана или од него овластено лице, донесува решение за избор на лице за времено сместување во објектот.
Против решението од став 5 на овој член, лицето кое не е избрано за времено сместување во објектот има право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на писменото известување за извршениот избор, Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
Врз основа на донесеното решение за избор, лицата склучуваат Договор за закуп со Министерството за одбрана, согласно со одредбите од Законот за облигационите односи.

Член 9

Решението од член 8 став 5 на овој правилник содржи податоци за: име и презиме на подносителот на барањето, називот на организационата единица во Министерството каде што ги извршува работите и задачите од работното место, односно Воената пошта во Армијата на Република Северна Македонија, каде ја извршува должноста на која е поставено или упатено, бројот на собата што му се доделува на користење, времето на користење, износот на закупнината, како и времето и начинот на исплата на истата.

## IV. КУЌЕН РЕД, ЗАДОЛЖУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ОПРЕМА И ИНВЕНТАР

Член 10

Лицата кои се избрани за времено сместување (во натамошниот текст: лицата на времено сместување) во објектот се должни да го почитуваат куќниот ред, кој е составен дел на овој правилник.
Куќниот ред го донесува одговорното лице во објектот.
Куќниот ред се истакнува на видно место во просториите на објектот.

Член 11

Лицата на времено сместување при вселување во собата во објектот што им е доделена за времено сместување, потпишуваат: реверс со кој се задолжуваат со инвентарот и опремата што ја содржи собата и записник за прием на собата кој содржи податоци за вкупниот инвентар на собата, состојбата во која се наоѓа собата и недостатоците на инвентарот во собата.
По губење на правото за стекнување на времено сместување во објектот и иселување од собата, лицата кои биле времено сместени потпишуваат записник за предавање на

собата, кој содржи податоци за: инвентарот на собата, состојбата во која се наоѓа инвентарот во собата, состојбата на собата во моментот на иселувањето и недостатоците на инвентарот во собата.

Член 12

Лицата на времено сместување во собите на објектот се должни да ја чуваат опремата и инвентарот кој го користат и кон истите да се однесуваат со внимание.
Лицата се должни опремата и инвентарот во лична сопственост што имаат намера да ја внесат во собата која е слична или иста со опремата и инвентарот на собата во објектот во која се времено сместени, пред да ја внесат во објектот, да ја пријават на рецепција.
Ако опремата и инвентарот не бидат пријавени, се смета дека истите се сопственост на објектот.

Член 13

Лицата на времено сместување, доколку во периодот во кој престојуваат, намерно или од крајна небрежност ќе направат штета на опремата и инвентарот во просторијата во која се времено сместени, одговараат за сторена материјална штета на Министерството согласно со важечките прописи за утврдување на материјална одговорност за надомест на штетата.

Член 14

Лицата на времено сместување во објектот се должни најдоцна до 10-ти во тековниот месец да ја платат закупнината за претходниот месец.
За време на годишните одмори закупнината се плаќа 100 % од вредноста на собата. Објектот гарантира за обезбедување на собите и чување на предметите во собите за време на користење на годишните одмори на лицата времено сместени во објектот.

## V. ПРЕСТАНОК НА ПРАВОТО ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ

Член 15

На лицата кои се времено стестени во објектот им се раскинува Договорот за закуп, во следниве случаи:

- ако истече рокот за привремено сместување во објектот утврден во Договорот за закуп;
- кога на активниот воен и цивилен персонал во Армијата, ќе започне да му се исплаќа надоместок за станбено обезбедување, согласно член 192 став (1) од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија;

- ако на избраното лице за времено сместување во објектот му престане вработувањето во Министерството односно Армијата на Република Северна Македонија;
- ако му се реши станбеното прашање во местото на извршување на работите и задачите односно должностите;
- ако се утврди дека покрај надоместок за трошоци за одвоен живот прима и надоместок на трошоци за станбено обезбедување;
- ако најмногу за два месеци не ја плати станарината во утврдениот рок во решението од член 8 став 5 на овој правилник;
- ако не го почитува куќниот ред на објектот;
- ако се вршат потребни поправки (реновирање на објектот) кои ја попречуваат употребата на собите во значителна мера и за подолго време и
- при продажба на објектот, кога купувачот ќе побара објектот да се ослободи од лица и ствари.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 17

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за работа на хотел „Илинден“ со депанданс – Скопје, бр.01-4130/1 од 19.06.2009 година и бр.01-1754/2 од 07.04.2014 година.

Член 18

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Изработил: Серафим Анастасовски
Согласен: Ристе Спасовски

Одобрил: Државен секретар
Владимир Анчев

**МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА**
**с.р. Славјанка Петровска**

## КУЌЕН РЕД

Под куќен ред се подразбираат правилата на однесување на корисниците на соби и апартмани и лицата кои привремено се наоѓаат во објектот за времено сместување, како и други прашања со кои се обезбедува мирно, безбедно и несметано користење на соби и апартмани и другите делови на објектот за времено сместување.

Член 1

Корисниците на соби и апартмани во објектот за времено сместување „Илинден“ Скопје се должни да го спроведуваат куќниот ред. Собите и апартманите треба да бидат обележани со броеви на влезната врата. Корисниците се должни броевите да ги одржуваат. Во влезот на објектот за времено сместување на видно место треба да има истакнато: огласна табла, куќен ред, упатство за користење на заедничките простории, упатство за постапување во случај на природни или други несреќи.

Член 2

Корисниците се должни собите и апартманите и уредите во нив, заедничките простории и уреди во објектот за времено сместување (скали, ходници, таван, лифт, хидрофор, хидрант и сл.) и дворното место околу објектот за времено сместување да ги користат со потребно внимание, во склад со нивните намени и да ги чуваат од оштетувања, неисправност и нехигиена. Патничкиот лифт не може да се кориси спротивно на намената и носивоста, односно за превоз на тешки градежни материјали, намештај и опрема кои по својата тежина и димензии не одговараат на техничките карактеристики на лифтот. Секоја неисправност и оштетување на заедничките простории и уреди задолжително се пријавува кај вработените во објектот за времено сместување.

## ХИГИЕНА И ЕСТЕТСКИ ИЗГЛЕД

Член 3

Забрането е фрлање или оставање отпадоци, ѓубре, нечистотија и течности низ прозорците и балконите, во ходниците, на скалите, во лифтот и во другите заеднички простории и уреди во објектот за времено сместување. Доколку станарите ги извалкааат ходниците, скалите и лифтот, должни се веднаш да ги исчистат истите. Забрането е пушење во лифтот, на скалите и во ходниците. Забрането е фрлање тврд отпад во умивалниците и во WC школките.

Член 4

Местото и начинот на држење и фрлање на домашното ѓубре, како и отпадоците кои не спаѓаат во домашно ѓубре, се регулираат согласно соодветните законски прописи и прописите на Општина Аеродром и Град Скопје. Забрането е валкање или оштетување на ѕидовите, вратите, прозорите, ходниците, скалите, лифтот, уредите и другите делови на објектот за времено сместување. Внатрешните и надворешните делови на објектот за времено сместување (ѕидови, врати, прозори, излози и сл.) мора да бидат естетски уредени и чисти. За естетскиот изглед и чистотата на внатрешните и надворешните делови се грижат вработените во објектот за времено сместување со организирање редовно чистење, фарбање и молерисување. По иселување корисникот треба собата која ја користел да ја доведе во состојба каква што била пред тој да се всели во неа.

Член 5

На терасите, лоѓиите, балконите и пожарните скали забрането е чување на предмети (стар намештај и слично) кои го нарушуваат надворешниот изглед на објектот за времено сместување. Во внатрешноста на објектот за времено сместување (ходници и скали) се забранува чување предмети кои го нарушуваат внатрешниот изглед и тоа: намештај, апарати за домаќинство, демонтирани врати и прозорци и слично. Во дворот не смее да се уништуваат тревата, дрвата и урбаната опрема и да се оставаат градежни материјали, градежен отпад и други материјали.

Член 6.

Корисниците и другите лица кои изведуваат работи во објектот за времено сместување или на надворешните делови на објектот за времено сместување, должни се секојдневно, по завршената работа, просторот да го исчистат.

## РЕД И МИР

Член 7

Забрането е во објектот за времено сместување да се создава бучава која им пречи на корисниците мирно да ги користат собитет.

Член 8

Времето од 16.00 до 18.00 часот и од 22.00 до 08.00 часот наутро се определува како време за одмор. Во времето за одмор корисниците и посетителите мора да се однесуваат на начин кој обезбедува потполн мир и тишина во објектот за времено сместување. Во времето за одмор забрането е во објектот за времено сместување

и собите да се предизвикува бучава со: викање, трчање, скокање, играње со топка, свирење, пеење, како и со користење машини, мотори, уреди, музички апарати и системи, радио и телевизиски приемници, механички извори на врева и слично.

Член 9

Градежните работи во објектот за времено сместување или на надворешните делови на објектот за времено сместување не можат да се изведуваат во времето кое со овој куќен ред се одредува како време за одмор. Исклучок представуваат работите на одржување на објектот за времено сместување, организирани од управата.

## БЕЗБЕДНОСТ

Член 10

Корисниците се должни да се грижат за безбедноста во објектот за времено сместување. Ходниците и скалите се осветлени.

Член 11

Корисниците на соби и апартмани се должни да ги одстранат снегот и мразот од прозорите, стреите, балконите, лоѓиите и терасите на својата соба или апартман. Вработените се должни да ги одстранат снегот и мразот од сите пристапни патеки и тротоари до објектот за времено сместување. За време на дожд, снег, силен ветер и други временски непогоди прозорите во ходниците на спратовите мора да бидат затворени. За тоа се грижат вработените и корисниците од соодветниот спрат.

Член 12

Забрането е на внатрешните и на пожарните скали да се чуваат предмети кои го попречуваат движењето. Забрането е на терасите, лоѓиите, балконите и пожарните скали да се држат необезбедени саксии со цвеќе и други предмете кои при паѓање можат да повредат, оштетат или извалкаат минувач.

Член 13

Забрането е во влезот, во ходниците и во другите заеднички делови на објектот за времено сместување и дворот да се чуваат огревни материјали, експлозиви, експлозивни и пиротехнички средства, опасни хемикалии, горива, превозни средства со резервоар за гориво, предмети и материјали кои можат да предизвикаат пожар, зараза, несреќа, повреда и слично.

## ГРАДЕЖНИ РАБОТИ

Член 14

Забрането е, без одобрение од надлежниот орган, во собите, и заедничките простории да се изведуваат градежни работи со кои се нарушува стабилноста на објектот за времено сместување со рушење носечки ѕидови, отварање отвори за прозорци, отварање отвори во плочи, поставување или демонтирање инсталации и уреди, како и менување на намената на просториите. Поставувањето заеднички инсталации, антени, и слично може да се врши само со согласност на управата на објектот за времено сместување. Корисниците и други лица можат да изведуваат работи на заедничките делови на зградата само врз основа на одобрување добиено од управата и по претходно истакнато известување на огласната табла. Во текот на работите тие не смеат да ги загрозат безбедноста и имотот на останатите корисници. По завршената работа заедничкиот простор и уредите треба да ги оставaт во работна и естетска состојба во која биле пред почетокот на работите. Тоа подразбира поправка или замена на делови при евентуални нивни оштетувања и фарбање и молерисување во случај на оштетување на површински бои.

## ОДРЖУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИ ИНСТАЛАЦИИ И УРЕДИ

Член 15

Вработените во објектот за времено сместување се грижат редовно да се врши контрола на исправноста на лифтот, хидрофорите, хидрантите и другите заеднички уреди и делови на објектот за времено сместување. Упатството за употреба на лифтот мора да биде видно истакнато. Во случај на неисправност на лифтот вработените во објектот за времено сместување истиот го исклучуваат од употреба и ја известуваат фирмата задолжена за одржување. Секој што забележал постоење на оштетување и неисправност на лифт, хидрофор, хидрант, и друг заеднички дел или уред во објектот за времено сместување, обврзан е истото веднаш да го пријави кај вработените во објектот за времено сместување.

Член 16

Одговорното лице е должно на огласната табла да истакне известување за тоа каде можат корисниците да се обратат во случај на дефект на топловодните, водоводните и електричните инсталации, лифтот и хидрофорите и каде се наоѓаат клучевите од  заеднички уреди, инсталации и простории.

## ШТЕТА ПРЕДИЗВИКАНА ОД СОСЕДИ

Член 17

Корисниците се грижат за исправноста на уредите и инсталациите во собата/апартманот кој го користат. Доколку корисникот претрпи штета предизвикана од соседите, поради нивна небрежност или поради неисправни уреди и инсталации во соседните соби, надоместувањето на штетата се врши спогодбено. Доколку не може да се постигне спогодбено надоместување на штетата, вработените во објектот за времено сместување не се надлежнаи за решавање на споровите помеѓу соседите, и спорот се решава пред надлежниот суд.

## НАДЗОР

Член 18

Надзор над спроведувањето на одредбите на овој куќен ред вршат вранотените во објектот за времено сместување.